*ОПШТИНА КАРПОШ*
**Одделение за подршка**
**и организација на работтата на Советот**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18"), во врска со член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.21/2020), а врз основа на Согласност архивски број 24-6058/2 од 03.09.2021 година дадена од Министерство за транспорт и врски на РСМ-Сектор за уредување на просторот, Советот на Општина Карпош, на шеесет и првата седница, одржана на 16 септември 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на Детален урбанистички План за градска четврт ССЗ 02, Блок 06, Општина Карпош -Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички План за градска четврт ССЗ 02, Блок 06, Општина Карпош -Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- На север осовина на сервисна улица С3 "Скупи"
-На исток осовина на градска магистрална улица булевар "8ми септември"
- На југ осовина на река "Вардар"
- На запад осовина на Новопланирана сервисна улица С4 "Љубљанска".

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 35,07 ха, односно 350764м$^2$.

Површината на Блок 6 од четвртта СС302 до регулациската линија на ниво на четврт како што е дефинирана со УПЧ за ССЗ 02 ,Скопје 2014-2022, усвоен со Одлука бр. 07-4867/1 од 14.07.2014 година, изнесува 26,63ха.

**Член 3**

Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:
А1 – домување во станбени куќи
А2 – домување во станбени згради
Б2 – големи трговски единици
Б4 – деловни простори
Б5 – хотелски комплекси
В2 – здравство и социјална заштита
Г2 – лесна и незагадувачка индустрија
Г3 – сервиси
Д1 – парковско зеленило
Д2 – заштитно зеленило
Е1 – комунална инфраструктура
Е2 – комунална супраструктура
и водена површина – река Вардар

Со планот се одредени
- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,
-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6334/4
Датум: 16.09.2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Наташа Пеливанова